**ОПШТИНА КРАТОВО**

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Кратово во областа на социјалната заштита и здравството за 2023 година

**Кратово**
Ноември 2022

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 09-1649/1
15-11. 2022
КРАТОВО

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 став 1 од Пречистен текст на Статутот на Општина Кратово („Службен гласник“ бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седница на Советот одржана на ден: 15.11. 2022година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Кратово во областа на социјалната заштитаи здравството за 2023година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на програмата се:

1. Рационално и ефикасно задоволување на потребите и интересите на населението на општина Кратово во областа на здравството и социјалната заштита, во рамките на буџетските можности;
2. Зајакнување на соработката со релевантните инстутиции (ЦСР Кратово, АВРСМ, образовните институции) во насока на намалување на социјалните и здравствените проблеми со кои се соочува населението во општина Кратово;
3. Зголемување на јавната свест за потребата од подршка на решавање на социјалните проблеми во општината;
4. Подобрување на стандардот на населението и нивото на здравствената едукација.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кратово во областа на здравствотои социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување,поддржување и помагање за остварување на целите предвидени со оваа Програма:

- Помош на социјално загрозени семејства:
- Помош на маргинализирани групи на граѓани;
- Помош на стари и изнемоштени лица;
- Финансиска помош за лекување на деца;
- Помош на семејства погодени од несреќа или елементарни непогоди;
- Поддршка на активности за инклузија на деца со хендикеп;
- Подршка за збогатување на спортскиот, рекреативниот и културно-забавниот живот на лицата – корисници на Дневниот центар на лица со ментална или телесна попреченост во Кратово;
- Овозможување на пристап до јавните институции за лицата со телесна попреченост;
- Организирање на јавни настани за промена на јавната свест и собирање на дополнителни средства за помош на социјално загрозените семејства;
- Промовирање на вонинституционалната заштита;

- Подготовка на програми за намалување на девијантните појави кај младите;
- Учество и поддршка на проекти, обуки, работилници и трибини организирани од здруженија, со цел унапредување на социјалната заштита на граѓаните;
- Креирање на политики и развивање на можности за развој на социјалното претприемништво кај младите;
- Развивање на здравствената култура и ефикасноста на здравствената заштита кај локалното население.

**Табеларен приказ на активности и предвидени средства за нивна реализација:**

| ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКТИВНОСТИ И ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Активности | Временска рамка | Носител | Изворинасредства во денари | |
| | | | | Буџетна општина Кратово | Вкупно |
| 1 | Еднократна парична помош на физички лица | по потреба | Општина Кратово | 100.000 | 100.000 |
| 2 | Инклузија на деца Роми | попотреба | Општина Кратово и ЦСР | 15.000 | 15.000 |
| 3 | Помош на стари и изнемоштени лица | попотреба | Општина Кратово и Здружение на пензионери | 10.000 | 10.000 |
| 4 | Финансискапомошза лекување на болни лица | попотреба | Општина Кратово | 50.000 | 50.000 |
| 5 | Финансиска помош на семејства погодениоднесреќаилиелементарнанепогода | попотреба | Општина Кратово | 60.000 | 60.000 |
| 6 | Организирање на јавни настани, набавка на социјални пакети и средства за живот, собирни акции за донирање на храна, облека и потребни средства | континуирано вотекотнацелатагодина | Општина Кратово | 60.000 | 60.000 |
| 7 | Изведување на јавни работи – уредување на јавни површини во кои ќе бидат ангажирани корисници на социјална парична помош | по потреба | Општина Кратово, Центар за вработување | 15.000 | 15.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Набавка на училишен прибор и парична помош за ученици во прво одделение | август и септември | Општина Кратовои ООУ, СОУ | 120.000 | 120.000 |
| 9 | Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со попреченост | декември | Општина Кратово | 30.000 | 30.000 |
| 10 | Одбележување на 3 Декември – Меѓународен ден на лица со посебни потреби | декември | Општина Кратово | 20.000 | 20.000 |
| 11 | Подршка на активностите на Советот на социјална заштита | вотекотнаго дината | Општина Кратово, Советот на социјална заштита | 10.000 | 10.000 |
| 12 | Имплементација на активностите со ОО на Црвен крст | попотреба | Општина Кратово и Црвен Крст | 30.000 | 30.000 |
| 13 | Учество во проекти од областа на социјалната заштита со УНДП (ОКР) 2022-23 | Во текот на годината | Општина Кратово | 60.000 | 60.000 |
| 14 | Парична помош на семејство со новороденче кои се жители на општина Кратово | Во текот на годината | Општина Кратово | 250.000 | 250.000 |
| 15 | Учество во проект од областа на социјалната заштита со МТСП | Во текот на годината | Општина Кратово и Црвен Крст | 50.000 | 50.000 |
| 16 | Подршка на реализирање проектниактивности реализирани од здруженија на граѓани во областа на социјалното претприемништво | Во текот на годината | Општина Кратово | 50.000 | 50.000 |
| | **Вкупно:** | | | **930.000,00** | **930.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите предвидени со Програмата ќе се финансираат од средства наБуџетот на Општина Кратово за 2023 година, Министерството за труд и социјална политика, здруженија и други извори.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Кратово ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектните активности од областа на социјалната и сфера и здравството за обезбедување на средства и друга помош од:

1. Министерството за труд и социјална политика на РСМ;
2. Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
3. Други извори.

## IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во програмата ќе се финансираат од посебна ставка во Буџетот на општината.

Содржините се детално опишани во табеларниот приказ, составен дел на Програмата.

## V. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат од Буџетот на Општина Кратово се:

-обезбедување на стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

-организирање на протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници од општината со потенцијални донатори и проекти од областа на социјалната и здравствената заштита;

-подршка на реализирање проектниактивности реализирани од здруженија на граѓани во областа на социјалното претприемништво кај младите луѓе.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Кратово, со средства од општинскиот буџет и други извори на средства.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Кратово,а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.09-1649/1
15.11.2022 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на Општина Кратово**
**Весна Петрова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО